**2376.**

Врз основа на член 65 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19 и 275/19), министерот за труд и социјална политика, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО**

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош, образецот на барањето и потребната документација за остварување на правото („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 109/19), во член 3 став 2 во точката (7) сврзникот „и“ се заменува со „точка-запирка“.

Во точката 8, точката на крајот на реченицата се заменува со „точка-запирка“ и се додава нова точка 9, која гласи:

„9. копија на трансакциска сметка“.

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-4459/1
22 јули 2020 година
Скопје

Заменик министер за труд
и социјална политика,
**Gjonul Bajraktar**, с.р.

Прилог бр.1

До

ЈУ ______________________________

( Центар за социјална работа)

БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА еднократна парична помош

1. ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Матичен број |
|---|---|---|
| _____ . _____ . | | __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ __ |

ДРЖАВЈАНСТВО______________________________

ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ__________________________________

| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус |
|---|---|---|
| | | ☐женет/мажена ☐разведен/а<br>☐вдовец/ца ☐вонбрачна заедница<br>☐непознато |

| Образование | Работен статус |
|---|---|
| ☐Завршено ☐Во тек | ☐Вработен ☐Невработен ☐Пензионер |

2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

4.ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

| Број на трансакциска сметка | | |
|---|---|---|

5. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВО:

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ престојувалиште | Сродство со подносителот | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |

5. ПРИЧИНИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ

________________________________________

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Датум и место на поднесување

Потпис на подносителот

на барањето

________________________________ ________________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

________________________________

6. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА НОСИТЕЛОТ:

1. Важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија,лична карта за постојан престој на странец,лична карта за признат бегалец или лична карта за лице под супсидијарна заштита која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството (за сите полнолетни членови во домакинството)
2. записник од надлежен орган за претрпена природна непогода, (пожар, поплава, земјотрес);
3. медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член на семејството (конзилијарно мислење од соодветна клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдена партиципација);
4. договор за земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на Република Северна Македонија;
5. медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);
6. решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој;
7. решение за престанок на сместување во јавна установа за згрижување на деца без родители или родитеска грижа, односно згрижувачко семејство и
8. известување за потребата од помош за осудено лице по отпуштање од установата за извршување на казната, како и од донесено решение на судијата за извршување на санкции.
9. копија на трансакциска сметка